# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ЧЕСТА ПРИ ЗНМ ЗА 2023 ГОДИНА

***Вовед***

**СОВЕТОТ НА ЧЕСТА при ЗНМ** е дел од саморегулацијата во медиумите во Македонија, кој постапува по претставки на граѓаните, правните лица, организации и институции за кршење на Етичкиот кодекс на новинарите.

Советот, во овој состав, со мандат 2022-2026 година е избран на Редовното изборно собрание на ЗНМ, одржано на 3 декември 2022 година, а се коституираше кон крајот на декември 2022 година.

Советот на честа брои 5 члена, избрани на непосредни избори. Советот од своите членови избра Претседател на Советот.

***ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ***

Во текот на 2023 година, Советот на честа, постапувал по 25 претставки кои биле примени преку извршната канцеларија на ЗНМ.

Во текот на годината, донесени се одлуки за 25 претставки, а по една, која е примена на 30 декември 2023 година, одлучувањето е префрлено за јануари 2024 година.

Советот на честа одржал 8 седници, во живо или он-лине во зависност од условите за работа и тоа во Скопје и една седница во Охрид.

***БРОЈ НА ПРИФАТЕНИ/ОТФРЛЕНИ ПРЕТСТАВКИ***

***ПРИФАТЕНИ: 9, ОТФРЛЕНИ: 14, ДЕЛУМНО ПРИФАТЕНИ: 1, ВО ФАЗА НА ОДЛУЧУВАЊЕ: 1***

***СТРУКТУРА НА ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИТЕ***

-**Новинар против новинар** – 3 претставки, СТАТУС: **ОТФРЛЕНИ**

**Новинар против медиум**: - 2 претставки, СТАТУС : **ПРИФАТЕНИ**

**Медиум против медиум**: 1 претставка, СТАТУС: **ДЕЛУМНО ПРИФАТЕНА**

**Адвокатско друштво во име на оштетен против новинар**: 3 претставки, СТАТУС: **ПРИФАТЕНА** 1, **ОТФРЛЕНА** 1, **ВО ФАЗА НА ОДЛУЧУВАЊЕ** 1,

**Медицински центри/Клиника против новинар**: 3 претставки: СТАТУС **ПРИФАТЕНИ**

**Невладини организации против новинар/медиумски работник**: 3 претставки, СТАТУС: 2 **ПРИФАТЕНА**, 1 **ОТФРЛЕНА**

**Академија за судии и јавни обвинители против новинар** – 1 претставка, СТАТУС: **ОТФРЛЕНА**

**Судија против новинар**: 1 претставка, СТАТУС: **ОТФРЛЕНА,**

**Професор на Правен факултет против новинар: 2** претставки, СТАТУС: **ОТФРЛЕНИ,**

**Претседател на Совет на општина против новинар** – 1 претставка СТАТУС: **ПРИФАТЕНА**

**Државен службеник од ФЗОМ против новинар** – 1 случај СТАТУС: **ОТФРЛЕНА**

**Ликовно студио против новинар** – 1 претставка: СТАТУС: **ОТФРЛЕНА**

**Граѓанин против медиум**: 2 претставкИ: СТАТУС: **ОТФРЛЕНи**

**ГРУПА граѓани против повеќе медиуми**: 1 претставка, СТАТУС: **ОТФРЛЕНА**

***Број на претставки по кои постапувал Советот на честа во 2023 година: 25 ПРЕТСТАВКИ***

****Забелешка: Бројот на претставки во 2023 нагло е прилично зголемен за разлика од 2022 година, кога биле објавени само 3 одлуки по претставки на веб страницата на ЗНМ, иако и овој број е мал, за што е потребна поголема едукација на граѓаните за да ги препознаваат случаите на кршење на етичките норми содржани во Кодексот на новинарите. Загрижува податокот што за известувањето за случајот со убиството на малолетно девојче во Скопје, иако беа воочени серија отстапки во известувањето, до Советот на честа не е пристигната претставка поврзана со известувањето за оваа тема.***

## УСВОЕНИ ТРИ МИСЛЕЊА И РЕАГИРАНО В0 СИТУАЦИЈА ЗА ТЕМА ОД ШИРОК ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Покрај постапување по претставки, Советот на честа усвои и 3 мислења, како и една реакција на тема од важен јавен интерес.

Советот усвои мислење и Препорака за:

- ***„Држење на професионална дистанца од страна на новинарите кои по вршење на друга јавна функција во инситуциите повторно се вратиле на работа во медиумите“,***

***-„Постапување на Советот и за медимски содржини кои се објавени на социјалните мрежи, а не само на електронските, печатени и веб медиуми",***

***-„Мислење за санкционирање на новинарите/одговорни во медиумите кои преку платени ПР текстови од трети лица дозволуваат пресметка со колеги од други медиуми".***

***-Реагираше со соопштение за крајно внимателно известување, ослободено од сензационализам во случајот со убиството на малолетно девојче во Скопје.***

**УЧЕСТВО НА КОНФЕРЕНЦИИ, ОБУКИ**

Претседателот на Советот Саше Димовски во мај и во октомври 2023 година учествуваше на конференции и работни состаноци во Приштина, Косово, во организација на NDI Kosovo, на теми: справување со дезинформации, употребата на вештачка интелигенција во медиумите и други актуелни теми,

- Учествуваше на обука за новинари: Препознавање на лажни фотографии и креирање на содржини со помош на вештачка интелигенција, во Струмица,

-Учествуваше во декември 2023 како говорник на конференција организирана од ОБСЕ Виена за „препознавање на формите на семејно насилство во медиумите".

-Членовите на Советот на честа учествуваа на стратешкото планирање и активностите на ЗНМ во наредниот период на конференција во Охрид.

-Во Регионалниот центар на ЗНМ за Штип, одржана средба со новинарите од Истокот, на која се разговараше за доследно почитување на етичките принципи и новинарски стандарди.

-Одржана средба со судии и новинари преку Судско-медиумскиот совет и ЗНМ во Кривичниот суд во Скопје,

-Одржани средби со новинари во Куманово и Велес,

-Учество на работна средба со Здружението на јавните обвинители

-Претседтелот на Советот даде интервјуа за повеќе медиуми: Македонска телевизија , Македонско радио, Телевизија Телма, Алфа Телевизија, ТВ 24 Вести, Радио Слободна Европа, ТВ Сител, Призма, Канал 77 и други.

-На крајот на 2023 година, ангажиран е во уредување на веб платформата на ЗНМ „Јасно.мк"

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТАТА

*Донесените одлуки, ставови, мислења, реакции и соопштенија, Советот ги објавува јавно на веб страницата на ЗНМ, на македонски и албански јазик, на социјалните мрежи на ЗНМ, како и во медиумите.*

*Усвоените мислења и соопштенија беа пренесени од голем број медиуми.*

*За доследно почитување на етичките принципи и транспарентност во работењето, во 2 случаи, член на Советот на честа беше изземен од разсправата и одлучувањето по претставки, поради можен конфликт на интерес или влијание.*

*ЗА СОВЕТОТ НА ЧЕСТА ПРИ ЗНМ*

*Саше Димовски*

*Претседател*

*30 јануари 2024 година*